ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

**Соопштение за јавност,**
**Скопје, 16.08.2013**

## Ребрендирање на „Кјуби Македонија“ во „Осигурување Македонија“ - Виена Иншуренс Груп“

Етаблираната домашна компанија досега позната како „Осигурување Кјуби Македонија“ (QBE Македонија) во иднина ќе го носи името **„Осигурување Македонија - Виена Иншуренс Груп“.** Промената е резултат на купувањето од страна на „Виена Иншуренс Груп“(**Vienna Insurance Group (VIG)**, австриската групација базирана во Виена која сега е нов сопственик на поранешното Кјуби Македонија.

Промената на името на Друштвото, исто така, резултира и со процес на ребрендирање. Новото лого на компанијата е синергија од две вредности- долгогодишното искуство и познавање на осигурувањето од македонскиот бренд со динамичноста и со меѓународното искуство и знаење на „Виена Иншуренс Груп“.

*- Убеден сум дека промените во компанијата ќе придонесат за понатамошен одржлив развој на „Осигурување Македонија“. Нашите клиенти можат да се потпрат на цврст осигурувач што поседува докажана стабилност, финансиска безбедност и професионална стручност низ својата долга историја. Засилени од професионалниот капацитет на „Виена иншуренс груп“ ние ќе продолжиме во таа насока – порачува Бошко Андов, генерален менаџер на „Осигурување Македонија“.*

Оваа компанија 68 години е синоним за осигурување во Македонија, како и за доверба, сигурност и финансиска стабилност. Основана е во 1945 година како Државен осигурителен завод. Со последната приватизација во 2013 стана дел од „Виена Иншуренс Груп“.

**Vienna Insurance Group (VIG)** е водечко име во Австрија, како и во централна и во источна Европа на полето на осигурувањето. Околу 50 компании во 24 земји формираат група со долгогодишна традиција, силни брендови и блиска поврзаност со корисниците. „Виена Иншуренс Груп“ има речиси 190 години искуство во осигурителниот бизнис. Со 24.000 вработени ВИГ е јасен лидер во пазарите каде што работи. Компанијата е извонредно позиционирана да ги искористи можностите за развој на долг рок во регион со 180 милиони луѓе. Vienna Insurance Group е фирма со најдобар рејтинг на ATX, водечкиот индекс на виенската берза. Акциите на ВИГ котираат и на берзата во Прага.

ул. 11 Октомври бр. 25, П. фах: 27, 1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: +389 (0)2 3115 188
Факс: +389 (0)2 3137 154
e-mail: info@insumak.mk